Мирјана Лозановска, професор на архитектонскиот факултет и директор на “Architecture Vacancy Lab” на “Deakin University” емигрира во Мелбурн, Австралија во 1967 година, како мало дете со своето семејство. Нејзиниот татко работеше во железарата (која е тема на дел од изложбата) во Порт Кембла, шест месеци пред да се преселат во Мелбурн. Мирјана димпломира на архитектонскиот факултет во Мелбурн во 1985 година, со докторат кој следеше во 1995 година.

Нејзината работа го истражува креативниот начин на кој архитектурата посредува во човечкото достоинство и идентитет преку мултидисциплинарни теории за просторот.

Во својата плодна кариера Мирјана ги има издадени следните книги и трудови:
“Емигрантска Куќа: Архитектура, Живеалиште, Миграција” (2019), “Етно-Архитектура и Политика на Миграција” (2016) и “Култна индустрија” (2017).

Таа има објавено повеќе трудови на тема на планот за урбанизација на Скопје, на Кензо Танге, како и трудот “Колаборации од Студената војна: Урбанизмот во проектот на Обединетите Нации - за Југославија, реконструкција на Скопје после земјотресот во 1963 и “Перспектива на планирање”, (2017, со И. Мартек). Мирјана беше соуредник на списанието за историја на архитектурата “Fabrications” 2018-2022, а сега го води проектот “Vacant Geelong” кој ја поврзува архитектурата со уметноста и индустријата во димензија која се простира подалеку од вообичаеното прагматично користење на поранешните индустриски локалитети, преку ангажирање на културни и друштвени сеќавања на динамични заедници што ги отелотворуваат овие празни места.